# МЕЃУНАРОДНА МИСИЈА ЗА НАБЉУДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

## ПРЕДВРЕМЕНИ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ, ПОРАНЕШНА ЈУГОСЛОВЕНСКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, 1 ЈУНИ 2008 ГОДИНА

---

## ИЗЈАВА ЗА ПРВИЧНИТЕ НАОДИ И ЗАКЛУЧОЦИ

**Скопје, 2 јуни 2008 година –** Меѓународната мисија за набљудување на изборите (ММНИ) за предвремените парламентарните избори во поранешната југословенска Република Македонија на 1 јуни претставува заедничка мисија на канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (ОБСЕ/ОДИХР), Парламентарното собрание на ОБСЕ (ОБСЕ ПС) и Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПССЕ).

ММНИ ги процени предвремените парламентарни избори во поранешната југословенска Република Македонија кои се одржаа на 1 јуни врз основа на соодветните стандарди на организацијата и заложбите за демократски избори, како и врз основа на сообразноста со домашното законодавство. Оваа изјава е доставена пред прогласувањето на конечните резултати и пред истекот на роковите за можните приговори и жалби. Конечната оценка за изборите ќе зависи, делумно, од спроведувањето на овие преостанати фази од процесот, и конечните сеопфатни извешати ќе бидат издадени од страна на ПССЕ и ОБСЕ/ОДИХР.

Институциите кои се застапени во ММНИ им се заблагодаруваат на властите на поранешната југословенска Република Македонија за нивната соработка и се подготвени да продолжат да ги поддржуваат нив, и граѓанското општество во земјата, во спроведувањето на демократски избори.

---

## ПРЕЛИМИНАРНИ ЗАКЛУЧОЦИ

Предвремените парламентарни избори од 1 јуни им понудија на избирачите широк спектар на избор во текот на енергично водените изборни кампањи. Изборите процедурално беа добро водени. Меѓутоа, очекувањата за напредок не беа реализирани заради неуспех да се спречат чиновите на насилство во областите на етнички албанско население и заради ограниченото и селективно спроведување на законите. Организираните напори на насилен начин да се наруши процесот кои се случија во претпладневните часови на изборниот ден, направија да биде невозможно за избирачите во многу места слободно да ја изразат својата волја. Безбедносната ситуација во текот на денот се стабилизира. И покрај тоа што клучните заложби на ОБСЕ и СЕ не беа исполнети, конечната проценка делумно ќе зависи од тоа дали властите темелно ќе ги истражат сериозните кршења на законот и какви чекори на правни лекови ќе преземат. ОБСЕ/ОДИХР ќе продолжи да врши набљудување на процесот, вклучително и на сите прегласувања.

Изборниот ден беше нарушен со насилни инциденти, заплашувања и полнење на гласачките кутии во области со предоминантно албанско етничко население[1]. Иако безбедносната ситуација во овие области се стабилизира во текот на денот, инцидентите што се случија рано утрината причинија кај едно лице фатална повреда, а и неколкумина други беа повредени. Проценката на гласањето од страна на набљудувачите на ММНИ значително се разликува помеѓу овие конкретни области и другите делови од земјата каде гласањето беше оценето, општо земено, како добро спроведено. Процесот беше помалку позитивен во текот на  пребројувањето со 15 проценти од пребројувањата во земјата проценети со лошо и многу лошо.

Во текот на денот на изборите Државната изборна комисија (ДИК) ги поништи резултатите од 22 избирачки места во северниот и западниот дел на земјата. ДИК изјави дека веројатно ќе следат дополнителни поништувања, а државните власти се заложија дека ќе осигураат ефективни прегласувања во областите каде се имаат случено сериозни инциденти.

Иако властите и сите големи политички партии ја истакнаа својата заложба за спроведување демократски избори, без насилство и заплашување, во текот на предизборниот период тензиите беа високи во регионите со доминантно етничко албанско население. Ова резултираше со заплашувања и на избирачите и на службениците во органите за спроведување на изборите, од кои некои, пред изборите, побараа да бидат изземени пред изборите посочувајќи на постоење на страв од можно насилство на денот на изборите. Ситуацијата во останатиот дел од земјата беше доста посмирена, со силна реторика, но со помалку добиени извештаи за инциденти.

На партиите им беше дозволено слободно да водат кампања, освен во некои области населени со етнички Албанци. Закани за насилство и блокади од страна на локалните активисти на партиите на етничките Албанци во некои случаи го попречија водењето кампања. Кампањата на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ), најголемата опозициона партија, беше манипулирана со активностите на партијата со слично име. Во тој контекст, сеуште се води истрага за тоа дали кандидатите од оваа партија се имаат согласено да бидат вклучени на листата. Одделни владините кампањи за публицитет им овозможија дополнителна предност на партиите во коалицијата на владата.

Медиумските сервиси обезбедија разновидни платформи од кои може да се дознае за гледиштата на кандидатите и програмите на кампањите, со што им овозможија на избирачите да направат информиран избор. Меѓутоа, тие не ги претставуваа сите политички партии еднакво. Јавната телевизиска куќа во своите програми покажа пристрасност со најголема застапеност во информативните програми на партиите на власт. Некои приватни медиуми обезбедија балансирани известувања, иако други покажаа јасна пристрасност.

Други позитивни карактеристики кои го означија изборниот процес:

- ДИК дејствуваше, општо земено, на транспарентен и ефикасен начин, успевајќи да ги почитува сите рокови и покрај тесната временска рамка заради предвремените

[1] Конкретно во општините Тетово, Гостивар, Врапчиште, Брвеница, Боговиње, Теарце, Зајас, Дебар, Чаир, Сарај, Чучер-Сандево и Арачиново.

избори. ДИК реагираше навремено во однос на лажните постери во кампањата кои беа истакнати за време на предвечерието на изборите.
- Случајниот избор и обуките на сите членови на Избирачките одбори од редовите на државните и јавните службеници дополнително ја професионализираа изборната администрација.
- Родовиот баланс во кандидатските листи и кај органите за спроведување на изборите продолжува да се подобрува.
- Повеќето етнички заедници се застапени од страна на политички партии на етничка основа и многу од нив им се приклучија на поголемите коалиции, на тој начин овозможувајќи им да имаат потенцијално посилна политичка улога.
- Големиот број на домашни набљудувачи придонесе кон транспарентноста на изборниот процес.

Во исто време, беа увидени следните дополнителни недостатоци:

- Во предизборниот период, изборните кандидати имаа ограничен пристап до правни лекови за наводните нарушувања.
- Во некои од заедниците фактот што избирачкиот список содржи многу повеќе имиња отколку жители покрена прашања во врска со квалитет на истиот. Никогаш не е спроведена детална ревизија на избирачкиот список.
- Во многу случаи нападите врз изборните штабови не беа истражувани од страна на властите, а што создаде впечаток за неказнетост на оние кои ги направија кривичните дела врзани за изборите.
- Советот за радиодифузија не можеше ефикасно да се справи со прашањата во врска со еднаков пристап до медиумите бидејќи Собранието не ги донесе правилата за емитување во текот на изборната кампања.

## ПРВИЧНИ НАОДИ

### Историски преглед

Во согласност со уставот, Собранието, на 12 април 2008 година, гласаше за самораспуштање и закажа предвремени избори за 1 јуни 2008 година. Оваа одлука беше донесена откако опозиционата партија Демократска унија за интеграција (ДУИ) изјави дека се неопходни нови избори за да се прекине пат-позицијата на Собранието. Овој чекор беше поддржан од страна на партиите во власта, Внатрешната македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ) и Демократската партија на албанците (ДПА). На оваа одлука ѝ се спротивставија другите партии од опозицијата, имено, СДСМ и Либерално-демократската партија (ЛДП), како и некои коалициони партнери на поранешната влада кои тврдеа дека тоа дополнително ќе ги оддолжи неопходните реформи поставени како репери од страна на ЕУ за започнување на преговорите за пристапување.

Недостигот од квалификувано мнозинство во законодавното тело, предизвиците на процесот на интеграција во ЕУ и НАТО, неразрешената ситуација со уставното име на земјата, како и обструкциите на законодавната работа, исто така, беа фактори проценети како причини за одржувањето на предвремени избори.

Во овие избори, 120 пратеници, по 20 во секоја од шесте изборни единици се избираат според пропорционалниот изборен модел.

## Правна рамка

Правната рамка за изборите во голема мера е содржана во Изборниот Законик кој беше донесен во 2006 година, и кој по донесувањето не е изменет и дополнет. Општо земено, законската рамка дава цврста и еднообразна основа за одржување на демократски избори, иако содржи некои нецелосни и противречни одредби.

Неодамна беа донесени неколку закони кои влијаат врз изборниот процес и кои, во некои случаи, се во судир со законикот. Најсериозните противречности се однесуваат на законодавството кое ја регулира постапката за жалбите. Според Изборниот Законик, жалбите по одлуките на Државната изборна комисија (ДИК) се поднесуваат до Врховниот суд. Меѓутоа, неодамна донесените Закон за судови и Закон за управни спорови, ја пренесуваат надлежноста по жалбите кои се однесуваат на изборниот процес кај новиот Управен суд.

Одлуката на ДИК да ги проследува сите жалби кај Врховниот суд беше прифатена од страна на државните органи и учесниците во изборниот процес. Тесното толкување на своите овластувања од страна на Судот ги исклучува жалбите за кои Законикот конректно не го поставува овластувањето кај него, на таков начин создавајќи правни празнини во заштитата на правата на изборните кандидати.[2]

## Органи за спроведување на изборите

Изборниот Законик предвидува три нивоа на органи за спроведување на изборите кои ги вклучуваат Државната изборна комисија (ДИК), 84 Општински изборни комисии (ОИКи) и 2.976 Избирачки одбори (ИОи).

Општо земено, ДИК работеше на транспарентен, ефикасен и професионален начин и успеа да ги испочитува речиси сите скратени рокови. Сите формални седници на ДИК како и голем дел од работните состаноци беа отворени за меѓународните и домашните набљудувачи. Дебатата во врска со неколку важни прашања беше долга и ДИК ги вклучуваше сите учесници во изборните.

Спротивно на ситуацијата од 2006 година, сите членови на ОИКи и ИОи се назначуваат од редовите на службениците во државните и јавните служби. Промените во овие изборни критериуми значеа дека повеќе од 40% од членовите на ИОи за овие избори требаа да бидат заменети. Меѓутоа, ОИКи спроведоа обуки за сите членови. Се процени дека тековниот состав на ОИКи и ИОи има придонесено кон зголемена доверба во професионализмот на ИОи и ОИКи.

---

[2] Самиот Изборниот Законик предвидува само конкретни случаи за кои изборните кандидати можат да поднесат приговор по основ на одлуките на ДИК пред Врховниот суд. Законикот експлицитно не ги назначува овластувањата во однос на приговорите по основ на други одлуки на ДИК во рамките на опсегот на својата севкупна одговорност да „ се грижи за законитоста... [на] подготовката и спроведувањето на изборите “.

ОИКи започнаа редовно да се состануваат само две недели пред изборите, во најголема мера заради фактот што членовите претходно не беа ослободени од нивните должности како државни службеници. Строгите насоки за етничка и родова застапеност во ОИКи и ИОи значеа дека во одредени случаи луѓето требаше да бидат распоредувани надвор од нивното општините каде живеат. Беше увидено дека тоа што некои од членовите не се жители во местата каде се назначени ја попречува комуникацијата во општините каде не сите членови го зборуваат јазикот на кој биле водени состаноците.

Одреден број на членови на ИОи во областите со висока политичка тензија побараа да бидат изземени пред изборите посочувајќи на постоење на страв од можни насилства на денот на изборите. Во Тетово, на пример, 50 поединци, вклучувајќи и десет претседатели на избирачките одбори, побараа да бидат изземени заради здравствени причини. Во Брвеница, во истата област, 5 од 18 избирачки одбори кажаа дека тие би одбиле да работат на денот на изборите ако полицијата не е постојано присутна на избирачките места – а што не е пропишано со закон.

Екипа на ДИК на два пати патуваше во Тетово да го разреши ова прашање, но тие не чувствуваа дека ја имаат надлежноста да се справат со загриженостите за безбедносната ситуација на членовите на ИОи. Наместо тоа, тие истакнаа дека пресоналот мора да ги исполни своите должности или да се соочи со потенцијално отпуштање од нивните работни места во јавните служби.

ДИК, преку националните медиуми, спроведе куса образовна кампања за избирачите која се фокусираше на мобилизирање на избирачите, информации за тоа како да гласаат и предупредувања да не се вршат изборни прекршувања. Исто така, две домашни невладини организации, спроведоа интензивни образовни кампањи за избирачите на ТВ и преку летоци.

## Потврдување на кандидатските листи

Во рамките на сеопфатен процес беа регистрирани вкупно 1.540 кандидати на 18 листи. Една коалиција беше предводена од владеачката ВМРО-ДПМНЕ и се состои од 19 партии. Втората коалиција беше предводена од СДСМ и се состои од осум партии кои учествуваа под насловот Коалиција Сонце. Двете најголеми партии на етничките Албанци, ДУИ и ДПА спроведоа сопствени кампањи. ДИК, на 9 мај, по пат на ждрепка, го одреди редоследот на кандидаските листи на гласачкото ливче.

ДИК потврди две листи на кои има кандидати кои биле осудени на казна затвор со времетраење подолго од шест месеци, што е во спротивност со членот 7 од Изборниот Законик.[3]

## Регистрација на избирачите

Јавниот увид и ревизија на избирачкиот список се одржаа во периодот помеѓу 22 април и 1 мај. Иако увидот беше објавен беа направени само 715 измени во изборачкиот список,

---

[3] Член 7.2 од Изборниот Законик пропишува дека: “Секој граѓанин… има право да биде избран/а за пратеник во Собранието ако... со правосилна одлука не е изречена казна затвор во времетраење од најмалку 6 месеци.”

вклучувајќи и 354 починати лица кои беа избиршани од списокот. Избирачкиот список содржи вкупно 1.779.116 избирачи, што претставува пораст од 2 проценти во однос на 2006 година.

Министерството за правда беше одговорно за ажурирање на избирачкиот список со информации кои му се доставени од други инситуции. Никогаш не била спроведена детална ревизија на списокот. Процесот на промена на податоците за живеалиштето е долг поради што многумина одлучуваат да не ги информираат властите кога ќе се преселат. Како резултат на внатрешна миграција и емиграција, во некои области имаа повеќе имиња на списокот отколку жители, а што покренува прашања во врска со квалитетот на истиот.

## Безбедносна ситуација

Безбедносната состојба во северниот и западниот дел од земјата со доминантно етничко Албанско население значително се разликуваше од безбедносната состојба во останатиот дел од државата. И покрај тоа што властите се обврзаа да осигураат спроведување демократски избори, без насилство и заплашување, а и сите партии кои учествуваат на изборите потпишаа кодекс на однесување, во предизборјето и на самиот ден на изборите се случија бројни инциденти во северниот и западниот дел од земјата што ги зголеми тензиите и резултираше во заплашување и на избирачите и членовите на изборните органи.

Полицијата се чинеше неспособна да ги спречи постојаните политички напади во текот на изборниот процес во областите со етничко албанско население и дејствијата превземени како одговор на инцидентите поврзани со кампањата беа ограничени. Во периодот помеѓу 11 и 26 мај, Министерството за внатрешни работи прими информации во врска со напади во текот на кампањата врз 14 партиски штабови и општински ограноци.[4] Од 27 мај па до денес не се спроведени никакви истраги во врска со овие инциденти, од кои сите освен четири беа напади врз канцеларии на ДУИ. Меѓутоа, беа започнати четири истраги во врска со други безбедносни инциденти. Во еден посериозен инцидент од 12 мај кога беше пукано на конвојот на лидерот на ДУИ Али Ахмети, наводните извршители се наоѓаат во притвор и чекаат судење. Исто така, по еден инцидент кој се случи по големиот митинг на ДУИ во Тетово на 29 мај, полицијата уапси тројца активисти на ДУИ, но подоцна истите ги пушти на слобода за да ја смири затегнатата ситуација во која поддржувачите на ДУИ го блокираа автопатот Тетово-Скопје и земаа како заложник полициски службеник.

Во дополнение на инцидентите за кои беше известена полицијата, МНИ на ОБСЕ/ОДИХР прими бројни известувања од страна на политичките партии и локалните граѓани за наводни понатамошни инциденти. На пример, ДУИ извести за 24 инциденти во текот на изборниот процес до денешен ден, многу од кои се чини не им биле пренесени на властите. Бројни други известувања се направени во врска со конвои на возила кои се движеле низ селата доцна навечер, честопати носејќи вооружени лица, а имаше и тврдења дека бројни албанци од Косово незаконски ја минувале границата за да предизвикуваат проблеми на денот на изборите.

## Изборна кампања

---

[4] ДУИ претрпе десет напади, ДПА два и ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ по еден.

Званичната кампања траеше 20 дена и заврши на полноќ на 30 мај кога започна 24 часовниот изборен молк. Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ, Коалицијата Сонце на СДСМ, ДПА и ДУИ ја организираа најактивната и највидлива кампања, опсежно користејќи постери, билборди и платена пропаганда. Беа одржани и бројни митинзи во текот на кампањата, од кои на најголемите присуствуваа десетици илјади поддржувачи. На активности организирани од страна на другите 14 подносители на листи имаше мал одзив.

Понекогаш тонот во текот на кампањата беше жесток со лични напади и обвинувања кои сé повеќе се забележуваа кон крајот на кампањата, а некои од нив вклучуваа и сомнеж во органите за спроведување на изборите. Во друг случај, како одговор на коментарите на критика упатени од опозиционата партија во врска со улогата на полицијата во предизборјето, Министерот за внатрешни работи (кој е носител на листата за коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ за Тетово) најави дека Министерството ќе поднесе тужба за клевета против лидерот на СДСМ Радмила Шеќеринска за нејзината изјава во врска со нефикасноста на полициските сили.

Кампањи со голема видливост кои ги рекламираат владините политики пред започнувањето на кампањата предизвикаа јавна критика и беа запрени на 16 мај. И покрај тоа што беа прекинати платените реклами, владините програми како онаа за бесплатни медицински проверки на јавни места, вработување на персонал и отворање на рурални здравствени центри продолжија во текот на кампањата. Државната Комисија за спречување на корупцијата оцени дека оваа пракса не е во согласност со Законот за спречување на корупција, но Министерот за здравство аргументираше дека овие активности биле дел од годишниот план на владата и затоа не се покриени со законот кој ја регулира активноста на владата во текот на изборите.

Во предизборјето се појавија постери во Првата изборна единица кои се чини дека имаа намера да ги збунат избирачите. Позтерите ги повикуваат избирачите да гласаат „Социјал-демократски", употребувајќи го бројот на гласачкото ливче на Социјалдемократската партија на Македонија (СДПМ) и името на носителот на кандидатската листа на СДСМ Коалицијата Сонце, Радмила. (Носителот на кандидатската листа на СДПМ за оваа единица се вика Рада). СДСМ одржа конференција за печатот изјавувајќи дека ова претставува мешање во нивната кампања, а ДИК јавно го осуди ова дејствие како обид за манипулација на избирачите. Поставувањето на постерите во текот на предизборјето беше темпирано така да секоја реакција се случи за време на изборниот молк.

**Медиуми**

Во текот на кампањата медиумите им пружија на избирачите широк спектар на политички гледишта, на тој начин пружајќи му на избирачкото тело можност да добие информации на тој начин овозможувајќи му да направи информиран избор.

Советот за радиодифузија го надгледува почитувањето на соодветните законите од страна на електронските медиуми. Според законот, тој може да упати предупредувања или привремено да забрани комерцијални реклами. Во дополнение, Советот донесе и конкретни правила за еднаков пристап до медиумите за сите политички партии. Меѓутоа, бидејќи тие не беа донесени од страна на Собранието пред неговото распуштање истите немаат законска сила. МТВ-2 доби две предупредувања за нејзиното „предоминантно

политичко покривање на ДПА во своите информативни програми“, но не се забележаа никакви промени како резултат на ова предупредување. До денешен ден Советот има издадено бројни предупредувања и необврзувачки препораки до националните и регионалните ТВ станици. Иако Советот за радиодифузија во своето набљудување идентификуваше недостиг од баланс во покривањето на кампањата во известувањето на МТВ-1, не наметна никакви санкции.

Најголемиот дел од политичките партии целосно го искористија своето право за бесплатно време за емитување на јавната радиодифузна куќа. Бесплатното време за емитување беше достапно само на МТВ-1 која емитува програма на македонски јазик, но не и на МТВ-2 која емитува програма на албански јазик. Обете радиодифузни канали, исто така, организираа 14 дебати и на македонски и на албански јазик. Ниту лидерите на двете коалиции, ниту лидерите на ДПА или ДУИ не учествуваа на овие дебати, иако лидерот на Коалицијата Сонце јавно побара дуел со претседателот на ВМРО-ДПМНЕ.

МНИ на ОБСЕ/ОДИХР ги набљудуваше медиумите од 30 април сé до крајот на кампањата. Набљудувањето покажа недостиг од баланс во покривањето на кампањата кај јавните ТВ канали МТВ-1 и МТВ-2, кои посветија најголем дел од своето покривање на партиите. МТВ-1 распредели 24 проценти од нејзините ударни термини за политички и изборни вести за коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ, а ДПА доби 8 проценти, додека коалицијата Сонце доби 19 проценти. Покриеноста главно беше со позитивен тон. Пристрасноста на јавните телевизиски канали кон партиите на власт беше дополнително зајакната со опсежно покривање на владата. МТВ-1 распредели околу 32 проценти од своите ударни термини за вести за покривање на активностите на владата, а што може да се смета дека го надминува неопходното покривање на активностите на владата.

Јавниот канал МТВ-2 главно се фокусираше на активностите на партиите на етничките албанци и покажа изразена пристрасност кон ДПА која доби околу 47 проценти од нејзиното политичко и изборно ударно време за вести со исклучително позитивен тон. Спротивно на тоа, опозиционата партија ДУИ доби само 19 проценти на вакво покривање и тоа главно со неутрален тон.

Постоеја забележителни разлики во покривањето на кампањата на политичките партии и блокови кај набљудуваните приватни радиодифузери. Додека А1 и Канал 5 им понудија на своите гледачи балансирано покривање на главните политички партии, ТВ Сител беше јасно пристрасна во полза на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ. ТВ Алсат-М се фокусираше главно на активностите на партиите на етничките албанци, со мало претпочитање на ДУИ.

Печатените медиуми кои беа набљудувани од страна на МНИ на ОБСЕ/ОДХИР презентираа разноликост на гледишта. Додека Време, Дневник и Утрински весник обезбедуваа поголемо покривање во полза на коалицијата Сонце, Вечер јасно беше пристрасен во полза на коалицијата предводена од страна на ВМРО-ДПМНЕ и обемно ја критикуваше коалицијата Сонце. Сличен тренд беше забележан кај медиумите на албански јазик, каде Коха покажа пристрасност кон ДПА и Лајм кон ДУИ.

**Приговори и жалби**

Кандидатите во изборите имаа ограничен пристап до ефикасни правни лекови и можност за поднесување на жалби за наводни прекршувања пред денот на изборите, делумно заради недостатоци во законодавството, но, и заради тесното толкување на надлежностите на органите одговорни за приговори и жалби (вклучувајќи ја и ДИК). Судиите на Основните судови и Аплеационите судови и понатаму останаа незапознаени со нивната улога во однос на прекршувања на кампањата, а Врховниот суд ги ограничи жалбите во врска со спроведување на изборите само на оние кои јасно се назначени во Законот.

Во случајот со жалбата на коалицијата Сонце предводена од СДСМ против потврдувањето на кандидатската листа на СДПМ, која вклучуваше носители на листи кои имаат слични имиња со оние на носителите на листи на СДСМ, Врховниот суд ја одби оваа жалба со објаснување дека во Изборниот Законик не постои изрична одредба за таква жалба. Иако обвинителите подоцна можат да поднесат кривични пријави против челниците на СДПМ за фалсификување и неточни поднесоци, имињата на кадидатите останаа на гласачките ливчиња.

Има мал број на неразрешени приговори од денот на изборите. МНИ ОБСЕ/ОДИХР ќе продолжи да го набљудува процесот на приговори и жалби.

## Учество на жени

Изборниот Законик пропишува секое трето место на кандидатските листи да го држи жена. Политичките партии го исполнија ова барање; од 1.540 кандидати, 35 проценти беа жени. Постои и зголемен полов баланс и во органите за спроведување на изборите. Во 30 Општински изборни комисии повеќе од половината од членовите се жени. Кај останатите ОИКи застапеноста изнесува барем 30 проценти. Речиси 40 проценти од Претседателите на Општинските изборни комисии се жени. Набљудувањето на медиумите од страна на ОБСЕ/ОДИХР посочи дека на пет од шест национални телевизиски станици во просек од 7 до 15 проценти од покривањето беше посветено на кандидатите жени. Меѓутоа, Канал 5 се истакна со 50 проценти од покривањето посветено на кандидатите жени.

## Други етнички заедници

Покрај малцинската албанска заедница, другите етнички заедници во земјата се турците, србите, ромите, власите и бошњаците. Тие сите се застапени преку неколку партии формирани на етничка основа. Членовите на другите заедници се обидуваат да играат повлијателна улога во напорите да се прошири националниот дијалог и над би-етничкиот дијалог помеѓу етничките Македонци и етничките Албанци. Во овој контекст, 6 од овие партии се приклучија кон предизборните коалиции на најголемите партии со цел да ја подобрат својата политчка позиција.

## Домашна група на набљудувачи

Десет непартиски домашни набљудувачки групи во ДИК регистрираа вкупно 4.892 набљудувачи. Најголемата единечна набљудувачка група беше МОСТ со 3.500 регистрирани набљудувачи. Тие беа присутни во повеќе од 65 проценти од избирачките места посетени од набљудувачите на МНИ на ОБСЕ/ОДИХР. Во дополнение, на денот на изборите политичките партии испратија на терен голем број на партиски набљудувачи.

Заради загриженост во врска со безбедноста МОСТ повлече 86 набљудувачи од Тетово, Гостивар и поголемиот дел од областа Скопје. Во дополнение, 11 од нивните набљудувачи насилно беа исфрлени од избирачките места во областа Тетово.

МОСТ изведе паралелно сумирање на гласовите (ПСГ) вечерта на изборите покривајќи 30 проценти од сите избирачки места со цел да се провери точноста на сумирањето на резултатите направено од страна на оргните за спроведување на изборите. Заради соочувањето со неправилностите МОСТ не ги објави (ПСГ) резултатите во првата и шестата изборна единица.

**Денот на избрите и пребројување на гласовите**

Во текот на денот на изборите, преовладуваше насилството и употреба на огнено оружје во одредени општини во северниот и западниот дел од земјата. Едно лице се здоби со фатални повреди во инцидент кој се случи во Арачиново, а насилството присутно на денот на изборите предизвика неколку повреди. Во Гостивар две избирачки места се затворија кога беа украдени гласачките кутии од страна на вооружени лица и сите членови на ИОи беа исфрлени од избирачкото место. Гласањето исто така беше затворено во текот на утрото и во општината Чучер Сандево каде приближно 30 непознати лица влегле во избирачкото место, ги застрашиле членовите на ИО и го украле изборниот материјал. Во два одделни инцидента, набљудувачите на ММНИ и два члена на ДИК беа извлечени од избирачкото место со помош на полицијата (во Арачиново и Пороj). Насилството беше осудено од страна на Претседателот Бранко Црвенковски. Во попладневните часови ситуацијата во одредена мера се стабилизираше, кога беа забележани помалку инциденти и кога имаше повидливо присуство на полицијата.

Премиерот Груевски најави дека ќе се одржи прегласување во оние области кои биле зафатени со насилни инциденти. ДИК објави дека ќе ги поништи резултатите во барем 22 избирачки места, од кои 8 избирачки места во Арачиново, а ја изрази и можноста за дополнителни поништувања.

И додека отворањето на избирачките места беше проценето, општо земено, во позитивна смисла, гласачкиот процес беше помалку позитивен, проценет со лошо или многу лошо кај 8 проценти од набљудуваното гласање. Оваа негативна проценка е несразмерно висока во многу области на етнички Албанци каде гласањето беше оценето како лошо или многу лошо во 21 % од набљудуваните области (наспроти областите на етничките Македонци кои негативно беа проценети во 3 проценти). Иако гласањето се изведе во, целокупно гледано, мирна атмосфера, тензии и немири беа забележани во 3 проценти од избирачките места кои беа посетени насекаде низ земјата. Во областите со предоминантно етничко албанско население, оваа бројка се покачи до 9 проценти.

На изборниот ден беа забележани бројни процедурални грешки. Беше забележано семејно гласање во избирачките места (18 проценти), кое се зголемуваше во областите со предоминантно етничко албанско население (35 проценти). Другите сериозни проблеми вклучуваа: повеќекратно гласање (11 случаи), полнење на гласачките кутии (30 случаи) и гласање за други лица (41 случаи). Беше забележено заплашување во 18 случаи, вклучувајќи и физички напад на членови на ИО. Беа забележани неовластени лица во 9

проценти од посетените избирачки места, и во 1 процент од избирачките места тие се мешаа и го насочуваа процесот. Отсуството на полицијата беше забележано во многу избирачки места (22 проценти), а што е спротивно на законот.

Пребројувањето на гласовите беше оценето како ‘лошо‘ или ‘многу лошо‘ во 15 проценти од посетените избирачки места, со забележителна разлика помеѓу областите со предоминантно албанско население (32 проценти) и останатите делови од земјата (9 проценти). Проблемите во текот на пребојувањето вклучуваа: присуство на неовластени лица (16 проценти), заплашување на членовите на ИОи (7 проценти), тензии и немири (16 проценти) и неточно евидентирани бројки (15 проценти).

Набљудувачите на ММНИ го набљудуваа сумирањето на резултатите во 71 од 84 ОИЕи. Сé на сé, сумирањето беше изведено на уреден и транспарентен начин со овластени претставници и непартиски набљудувачи присутни во сите ОИЕи. Меѓутоа, онаму каде што компјутерската обработка на податоците се случуваше во одделна соба, само на набљудувачите на ММНИ им беше дозволено да го гледаат процесот на дигитализација на податоците. Единствените известувања за намерно фалсификување на резултатите беа во ОИЕ во Тетово каде и претходно во текот на денот се случуваа многу проблеми.

ДИК објави дека излезноста на гласањето изнесува 58 проценти. Од резултатите сумирани во 2.741 избирачки места во базата на податоци на ДИК 75 прикажаа абнормално високи бројки за излезноста. Две избирачки места во Порој, на пример, прикажаа 99 од 100 проценти излезност со речиси сите гласови дадени за ДПА.

***Оваа изјава е достапна и на македонски и албански јазик.***
***Меѓутоа, англиската верзија останува да биде единствениот службен документ***

## ИНФОРМАЦИИ ЗА МИСИЈАТА И БЛАГОДАРНОСТИ

ОБСЕ/ОДИХР ја започна својата мисија на набљудување на изборите во Скопје на 30 април со 11 експерти, чиј број подоцна се зголеми на 13 и 20 долгорочно ангажирани набљудувачи распоредени во главниот град и насекаде низ земјата. На денот на изборите 289 краткорочно ангажирани набљудувачи вршеа набљудување во рамките на Меѓународната Мисија за набљудување на изборите (ММНИ), а која вклучува делегација од 19 члена составена од претставници на Парламентарното собрание на ОБСЕ (ОБСЕ ПС), и делегација од 13 члена од Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПССЕ) и 214 набљудувачи од ОБСЕ/ОДИХР. Од земјите учеснички во ОБСЕ вкупно учествуваа вкупно 42 лица. ММНИ го набљудуваше гласањето во повеќе од 1100 и пребројувањето во 111 избирачки места насекаде низ земјата (од 2.976 избирачки места распределени насекаде низ земјата), преносот на резултатите од ИО до ОИКи и табелирањето на резултатите во 71 ОИКи откако се затворија гласачките места.

Г-ѓа Пиа Кристмас-Молер (Данска), Потпретседател на Парламетнарното собрание на ОБСЕ и Раководителот на делегацијата на ОБСЕ ПС, беше назначена како Специјален координатор од страна на Претседавачот на ОБСЕ да го предводи тимот од краткорочно ангажирани набљудувачи на ОБСЕ. Г-дин Мевлут Чавошоглу (Турција) ја предводеше делегацијата на Парламентарното собрание на Советот на Европа. Амбасадорот Роберт Бари е Раководител на Мисијата за набљудување на изборите на ОБСЕ/ОДХИР.

ММНИ сака да му се заблагодари на Министерството за надворешни работи за поканата да ги набљудува изборите, на Државната изборна комисија за обезбедување на документите за акредитација и на другите државни и локални власти за нивната поддршка и соработка. ММНИ сака да ја изрази својата благодарност до Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје за нивната поддршка во текот на целата мисија, на

постојаните амбасади на земјите учеснички во ОБСЕ и на другите меѓународни институции за нивната соработка и поддршка.

**За повеќе информации, Ве молиме контактирајте ги:**

- Г-дин Јенс-Хаген Ешенбахер, Гласноговорник на ОБСЕ/ОДХИР, во Варшава (+ 48 22 520 0600), или Г-дин Дру Хајслоп, Советник за изборите на ОБСЕ/ОДХИР, во Варшава (+ 48 22 520 0600);
- Г-дин Андреас Бејкер, Советник на претседателот, Меѓународен секретаријат на ОБСЕ ПС, во Копенхаген (+45 60 10 83 80);
- Г-дин Владимир Дронов, Раководител на секретаријатот, Меѓупарламентарна соработка и набљудување на избори, ПССЕ (+33388412709).

**Адреса на МНИ ОБСЕ/ОДИХР (до 13 јуни 2008 година):**

46, улица Ѓуро Ѓаковиќ, Скопје1000
тел.: +389 2 3290119
факс: +389 2 3290963
е-пошта: office@odihr.org.mk